С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

излегува по потреба

Број 18 година XLVII
26 Декември 2011

232.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изработка на локална урбанистичка планска документација за дел од КП 1541 и дел од КП 1186, на КО Караслари

Се објавува Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација за дел од КП 1541 и дел од КП 1186, на КО Караслари, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2011 година.

Број 08-6983/1
26.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата

од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива
1	1	Дел од КП 1541 и дел од КП 1186 на КО Караслари	Вон населено место	Градоначалник на Општина Велес

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат за градби утврдени со закон како градби од втора категорија, за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6917/1
22.12.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

233.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изработка на локална урбанистичка планска документација за дел од КП 15457, на КО Велес

Се објавува Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација за дел од КП 15457, на КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2011 година.

Број 08-6983/2
26.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р. б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива
1	2	Дел од КП 15457 На КО Велес	Вон населено место	Градоначалник на Општина Велес

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат за градби утврдени со закон како градби од втора категорија, за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6917/2
22.12.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

234.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2011 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2011 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2011 година.

Број 08-6983/3
26.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2011 година донесе:

П РО Г Р А М А
за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2011 година

1.Во Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2011 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.18/10 и 14/11), се врши дополнување, каде после точка 4. „Планирани за изработка се следните планови" се додава нова точка 5 која гласи:

„5. Планирани за изработка планови за економски развој на општината, кои ќе се донесат во постапка согласно член 24-а, став 2 и 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање:

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за град Велес за дел од УЕ 2- УБ 12

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6917/3
22.12.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

235.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.12.2011 година.

Број 08-6983/4
26.12.2011 година
Велес,

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ “ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес “ бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2012 година

Поаѓајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Македонија, а особно во Општината Велес, во 2012 година Општина Велес ќе се вклучи, а во одредени случаи ќе биде и носител на обележувањето на следните значајни настани и личности:

6 јануари	Годишнина од загинувањето на Киро Ќучук, Нонча Камишова, Стојан Бурчевски, Киро Неделков и Јордан Јорданов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
9 јануари	Годишнина од загинувањето на Благој Кирков
	Општина Велес ќе се вклучи в о активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
	О ОУ „Благој Кирков"
14 јануари	69 години од загинувањето на народниот херој Благој Страчковски и првоборецот Славе Петков
	Општина Велес ќе се вклучи в о активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво.
Носител :	ОО на СБМ Велес
	Работнички универзитет „Благој Страчковски"
	УЗ „Славе Петков"
15 февруари	135 години од смртта на Рајко Жинзифов
	Општина Велес ќе ги поддржи активностите за обележување на годишнината
Носител:	Општина Велес и ООУ „Рајко Жинзифов"
21 февруари	68 годишнина од Февруарскиот поход
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
8 март	Меѓународен ден за правата на жената
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Организација на жени на Општина Велес
	Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Велес
14 март	70 години од Штрајкот на учениците во велешката гимназија
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес Гимназија "Кочо Рацин"
7 април	68 години од загинувањето на народниот херој Димче Мирчев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител :	ОО на СБМ Велес ОЈУДГ „Димче Мирчев”
21-23 април	70 години од формирањето на ВПО „Димитар Влахов и 68 години од формирањето на ПО „Трајче Петкановски”
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител:	ОО на СБМ Велес
22 Април	Светски ден на планетата земја
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Еколошките друштва во Општина Велес
24-27 Април	109 години Солунски атентати (Гемиџии)
	Положување цвеќе на споменикот на Гемиџиите, Положување цвеќе на гробот на Милан Арсов во с. Ораовец
Носител :	Општина Велес
1 Maj	*Меѓународен ден на трудот*
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општински синдикален совет
4 Maj	109 годишнина од загинувањето на Гоце Делчев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Републички одбор за обележување на настани и личности од историјата на македонскиот народ Локална библиотека „Гоце Делчев”
6 мај	110 години од смртта на Петар Михов
	Положување цвеќе на гробот во црквата Св. Спас, пригодно обележување на годишнината
Носител :	Општина Велес
9 Maj	Ден на победата над фашизмот Ден на Европа
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
Втората недела во мај	Светскиот ден на мајчинството
Носител :	Општина Велес

24 Мај	Ден на македонските просветители Свети Кирил и Методиј
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на државно ниво
Носител :	Општина Велес
Мај	175 години од раѓањето и 115 години од смртта на Андреја Петковиќ
	Општина Велес ќе организира пригодно обележување на годишнините
Носител:	Општина Велес
5 Јуни	Светски ден на екологијата
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	еколошките друштва во Општина Велес
13 јуни	69 години од загинувањето на Кочо Рацин
	Почит кон Рацин во Велес и на местото на погибијата на Лопушник
Носител:	Општина Велес , ОО на СБМ Велес ОСУ Гимназија „Кочо Рацин”
29 јуни	Почит кон македонските бранители
	Обележување на 11 годишнината од загинувањето на Оливер Китановски на спомен обележјето во Башино Село
Носител :	ОО на СБМ Велес ЗГ „Резервни воени обврзници, учесници во настаните 2001-2002 година” Општина Велес
12 јули	Годишнина од смртта на Андреја Дамјанов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на републичко ниво
Носител:	Асоцијација на градови од Република Македонија со архитектонско наследство Сојуз на архитекти на Македонија
13 јули	61 година од смртта на Панко Брашнар
	Почит пред споменикот на Панко Брашнар
Носител:	Општина Велес ОО на СБМ Велес
26 јули	63 години од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција (1946-1949)
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител :	ОО на СБМ Велес, ЗГ „Ѕвезда”
2 Август	109 години Илинденско востание
	Пригодно чествување на празникот
Носител:	Општина Велес
2 Август	68 години од I Заседание на АСНОМ
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на републичко ниво
Носител :	Собрание на Република Македонија, Општина Велес ОО на СБМ Велес
9 *Август*	Ден на патронот и заштитник на град Велес - Св.вмч. Пантелејмон
	Општина Велес ќе се организира пригодна свеченост
Носител :	Општина Велес и Повардарска Епархија на МПЦ
18 Август	Ден на армијата на Република Македонија
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Гарнизонот на АРМ - Велес
29 август	130 години од смртта на Јордан Хаџи Константинов – Џинот
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Народен театар „ ЈХК Џинот” ООУ „ЈХК Џинот”
2 Септември	70 години од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес Гарнизон на АРМ - Велес
2 септември	71 Година од загинувањето на Коле Неделковски
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес,УССО „Коле Неделковски” ОО на СБМ Велес
6 септември	51 година од смртта на Алексо Демниевски –Бауман
Носител:	ОО на СБМ Велес Гарнизон на АРМ
8 Септември	Ден на самостојноста на Република Македонија
	Организирање на свечено обележување

Носител :	Општина Велес
10 Септември	68 години од загинувањето на борците на Осмата МНОУБ кај месноста Раштански колиби
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
14 септември	70 години од масакрот на Пуста Кула
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
17 септември	Посета на меморијалните споменици во Горно Врановци
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес, НИП „Нова Македонија“, Народен музеј Велес
4 октомври	109 години од загинувањето на Тодор Христов Офицерчето
	Положување цвеќе на споменикот на Велешките илинденци
Носител :	Општина Велес
Првата недела во октомври	105 година од загинувањето на Јован Наумов Алабакот
	Посета на гробот во с. Ораовец
	Положување цвеќе, пригодно обраќање
Носител :	Општина Велес
Октомври	105 година од смртта на Андреа Димов – Докурчев
	Положување цвеќе на споменикот на велешките илинденци
Носител :	Општина Велес
11 Октомври	Ден на востанието на македонскиот народ
	Ден на борецот
	Положување цвеќе на Спомен – костурница
	Пригодно обраќање по повод празникот
Носител :	Општина Велес и ОО на СБМ Велес
23 Октомври	Ден на македонската револуционерна борба
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на државно ниво
Носител :	Општина Велес

24 октомври	68 години од загинувањето на Јовче Тесличков
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес ОСУ „Јовче Тесличков”
31 октомври	32 години од смртта на Бане Андреев –Ронката
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
9 Ноември	Денот на ослободувањето на Велес – општински празник (и денот на формирањето на Народно-ослободителниот одбор на Велес)
	Пригодна програма, свечена седница на Советот на Општина Велес, доделување 9 –то Ноемвриски награди и признанија
Носител :	Општина Велес
15 ноември	90 години од загинувањето на Љубен Весов и Илија Кушев
	Општина Велес ќе се вклучи во организирање на настанот
Носител :	Државен архив на Република Македонија, Одделение Велес
19 Ноември	76 години од загинувањето на Ганчо Хаџи Панзов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
1 Декември	Светски ден за борба против сидата
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	НВО
3 декември	Светски ден на лицата со посебни потреби
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес Дневен центар за лица со посебни потреби, ПОУ „Маца Овчарова”, Центар за социјални работи – Велес, НВО
10 декември	70 години од загинувањето на семејствата Митреви и Капчеви
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител :	ОО на СБМ Велес
13 декември	70 години од загинувањето на Благој Ѓорев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
16 декември	70 години од загинувањето на браќата Кошулчеви
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
21 Декември	Годишнина од смртта на Миле Поп – Јорданов
	Положување цвеќе на гробот, пригодно обраќање
Носител :	Општина Велес
24 декември	Годишнина од смртта на Васил Главинов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител:	ООУ „Васил Главинов” Општина Велес

Број 07-6917/4
22.12.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

236.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за подигање и реконструкција на нови зелени површини за 2012 година на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програма за подигање и реконструкција на нови зелени површини за 2012 година на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.12.2011 година.

Број 08-6983/5
26.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за подигање и реконструкција на нови зелени површини за 2012 година на ЈКП „Дервен“ Велес

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за подигање и реконструкција на нови зелени површини за 2012 година на ЈКП „Дервен“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6917/5
22.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

237.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.12.2011 година.

Број 08-6983/6
26.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10 и 23/11), член 41 од Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ” бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,3/09 и 18/10), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 16/08, 3/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2011г. ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2012 ГОДИНА

I.СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и одржувањето на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

-Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;

-Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;

-Се утврдува надзор во спроведувањето;

-Се утврдува начинот на финансирање.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА
IV.

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати:

- јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градско зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување и уредување на градското зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

-рачно метење на јавните површини,

-машинско чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд,

-миење на јавните површини со цистерна,

-собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,

-рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Согласно програмата ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од 11.625.882 м2.

IV.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА
Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП "Дервен".

V. АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

VI.ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

1.МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ
А. Метење на улиците секој ден
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 11.00 часот и од 18.00-21-00 часот во летен период,
од 4.00 11.00 часот на улицата 8-ми Септември и во зимски и во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
8. ми Септември	од Пошта до Стар мост	2000
Алексо Демниевски	од Пошта до Жито Вардар	800
Благој Ѓорев	од Пошта до пред Касарната	2200

Б. Метење на улиците секој ден освен во недела
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 13.00 часот во летен период

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Страшо Пинџур	/	200
Гоце Делчев	/	400
Илинденска	до мост Гемиџии	300
Петре Прличко	од Стар мост до хотел Вила Зора и спој пред Биро за вработување со ул. Димитар Влахов	1140
Димитар Влахов	од Градски пазар до Железен мост	2900
Панко Брашнар	/	360
Комплекс УЗУС	Заедно со дел од ул. Индустриска, од ул. АСНОМ до раскрсница со Брако	1400

В. Метење на улиците три пати седмично
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Борис Трајковски	од спој со ул. „ Алексо Демниевски “ до спој со ул. „Моша Пијаде “	1400
Христо Татарчев	/	800
Никола Карев	/	700
Наум Наумовски Борче	од спој со ул.„ Алексо Демниевски“ до спој со ул. „Благој Ѓорев“	400
Нада Бутникошарова	дел	300

Г. Метење на улиците два пати седмично
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Лазо Осмаков и дел од Љубљанска	Љубљанска од влезот на училиштето Блаже Конески до раскрсница со ул. Благој Ѓорев	1800
11 Октомври	Од пазарче во Нова населба до споменик Бауман	2250
Браќа Капчеви	/	400

Д. Метење на улиците еднаш седмично
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Архиепископ Михаил	/	1000
Самоборска	/	450
Кумановска	/	600
Коле Неделковски	/	200
Благој Ѓорев	од ул. „Борис Трајковски“ до раскрсница со филтерница	2200

Ѓ. Метење на улици еднаш месечно
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини.

УЛИЦА	$м^2$
Вардарска	1700
Цар Самоил	240
Тодор Христов Офицерчето	600
Крсте Мисирков	400
Георги Војтех	250
Оливер Китановски	400
Васил Ѓоргов	900
Костурска	870
8ма Велешка бригада	300
Тодор Јанев	400
ЈХК Џинот	300
Прохор Пчински	500
Орце Мартинов	600
Васил Главинов	900
Индустриска	1200
Ѓоре Органџиев (од Стар Мост до спој со ул. Никола Оровчанец)	1000
АСНОМ (до надвозник на ул. Индустриска)	1600
Методија Андонов Ченто	1700
9ти Ноември	500
Кочо Рацин	200
Белградска	1500
Луј Пастер	1000
Јован Алабаков	150
Кирил и Методиј (од ООУ Кирил и Методиј до црква Св. Пантелејмон)	500

Е. Метење на улици два пати месечно
од 7.00 14.00 часот во зимски период
од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	м^2
Никола Оровчанец	/	1000
Димко Најдов	од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата)	1000
Алексо Демниевски	од Жито Вардар до Железничка станица	1100

ЈКП Дервен е должен да врши чистење на просторот веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира Општина Велес, како и отстранување на некролозите, плакатите и постерите од уличните столбови и дрвја со датум постар од две седмици.

2. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Метење на паркинг просторите се врши два пати седмично, освен паркинг на влез во р. Бабуна каде метењето ќе се изврши 4 пати во годината.

ОПИС	м^2
Паркинг до Основен суд	1500
Паркинг до Градски пазар (Пармак)	1300
Паркинг до Саат кула	300
Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман	250
Паркинг на Оливер Китановски	250
Паркинг спроти библиотека Бели мугри	750
Паркинг на ул.Петре Прличко до Стар мост	250
Паркинг на Градски пазар (горен дел)	450
Паркинг пред мост на влез на р. Бабуна	20

3.МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И УРЕДЕНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Плоштад Сармаале	секој ден	опфатен со метење на ул. 8-ми Септември
Уреден простор Гимназија	секој ден	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Плоштад Панко Брашнар	еднаш седмично	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Уреден простор Народна кујна	два пати седмично	300
Плоштад Којник	два пати месечно	450
Плоштад Варналиите	два пати месечно	150
Простор кај Соколаана	еднаш месечно	220
Кеј	еднаш седмично	600

4.МЕТЕЊЕ НА ВИДИКОВЦИ

Метењето на видиковците ќе се врши по степен на загаденост и по потреба

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Видиковец на ул.„Димко Најдов“	12
Видиковец на ул.„Никола Карев“	12
Видиковец на ул.„Рилски Конгрес“	12

3.МЕТЕЊЕ НА МОСТОВИ, ПОДВОЗНИЦИ И НАДВОЗНИЦИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Стар мост	секој ден	120
Мост Гемиџии	три пати седмично	200
Мало мовче со галерија	два пати седмично	200
Железен мост	еднаш седмично	300
Подвозник ЈПССО „Парк спорт“	По потреба и по степен на загаденост	75

6.ЧИСТЕЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА КОН ГРАД ВЕЛЕС
Чистењето ќе се извршува 2 пати во годината

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Влез во Велес од Штипско џаде од Костурница до Железен мост	1000
Влез во Велес од „Ветекс“	2000
Влез во Велес од манастир „Св. Димитрија“ и генерално чистење за празник Балаклија	1000
Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на Макпетрол	3000
Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница	2000

6.ЧИСТЕЊЕ НА СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	ФРЕКВЕНЦИЈА	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Скалила кои ги поврзуваат ул. „Илинденска“ и „Петре Прличко“	еднаш седмично	40
Скалила кои ги поврзуваат ул.„ Благој Ѓорев“ и Поликлиника УРЕД	еднаш седмично	120
Скалила кои ги поврзуваат ул. „8-ми Септември “ и ул.„ Архиепископ Михаил“	еднаш месечно	45
Скалила кои ги поврзуваат ул.„ Васил Главинов“ и „Благој Ѓорев“	2 пати месечно	20
Скалила кои ги поврзуваат ул.„ Борис Карпузов“ и „Шефки Сали“	2 пати месечно	120
Скалила кон Којник	еднаш месечно	15

8.ЧИСТЕЊЕ НА КРАЈБРЕЖЈА

ОПИС	ВРЕМЕСКИ ПЕРИОД
Лев и десен брег на река Вардар од Железен мост до Стар мост	- јануари (Водици) - април - август - октомври
Крајбрежје на езеро Младост	- пред 1Мај - 3 мај - пред започнување на сезоната за капење (јуни) - по завршување на сезона за капење (септември)
Пристап кон Бабуна до Први вир	- пред започнување на сезоната за капење (јуни) - по завршување на сезона за капење (септември)
Дервенски поток	- јуни - август - ноември - април

9.ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

од 8.00 20.00 часот од понеделник до сабота
од 8.00 16.00 часот во недела
Одржувањето е согласно санитарно-хигиенските прописи.
Финансирањето е дел од оваа Програма, со доставување на месечни фактури.

ОПИС	/
Санитарни јазли на ул. „Илинденска“	/
Санитарни јазли на ул.„ Петре Прличко“	/

10.МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ

Метењето на пазарите започнува од 14.00 часот во пазарни денови:
вторник, петок и недела.
Финансирањето не е дел од оваа програма.

опис	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Градски пазар	3954
Пазар во Нова населба	1100

12. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

Одржувањето на гробиштата ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.

Генерално чистење на гробиштата ќе се спроведе една седмица пред верските празници Велики поклади (Прочка), Велигден, Задушница, Божиќ, Голема Богородица, Мала Богородица.

Финансирањето за активностите од точка 12, не се дел од оваа програма.

13. МЕТЕЊЕ НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА И ТАКСИ СТАНИЦИ

Метењето на стојалиштата и станиците е во рамките на одржувањето на улиците. Затоа овде е изоставена ефективната површина за метење.

Финансирањето е опфатено во ставката метење на улици.

АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА	ТАКСИ СТАНИЦИ
Долни дуќани	Хотел Вила Зора
Основен суд	Градски пазар 1
Библиотека „Бели Мугри“	Градски пазар 2
Жито Вардар	Автобуска станица
ЈПССДП (СИЗ за домување)	Малина
Споменик Бауман	Долни дуќани
Касарна	Тутунска банка
Детска градинка клон 4	Стоковна куќа
Комплекс загради Т2 (од двете страни на улицата)	Фонтана центар
Трговски Нова Населба	Народен музеј
Благој Ѓорев (спроти Сако трејд)	Македонски телекомуникации
Дом на АРМ	АРМ
Сармаале	Ерик
/	Гламур
/	Гимназија Кочо Рацин
/	Ара
/	АГРИА
/	Трговски центар
/	Болница
/	УЗУС
/	Железничка станица
/	Општина

VI.2. МИЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Миењето на улиците се извршува од 22.00-6.00 часот во летниот период од15 април до 15 октомври.

ДЕНОВИ	УЛИЦИ	$м^2$
Понеделник	- “Благој Ѓорев” од почеток до ул.”Борис Трајковски”	12100
	- “8-ми Септември”	10400
	- “Алексо Демниевски”-од почеток до Пензионерски дом	6050
	- “Страшо Пинџур”	1000
	- “Гоце Делчев”	2000
	- “Илинденска”	1500
	- “Наум Наумовски Борче” и “Вардарска” до ЈКП „Дервен“	3000
	- Паркинг плац до Саат кула	300
Вторник	- “8-ми септември”	10400
	- “Страшо Пинџур”	1000
	- “Гоце Делчев”	2000
	- “Илинденска”	1500
	- “Димитар Влахов” од Железен мост до Градски пазар	17400
	- “Петре Прличко” од „Малина“ до крај	6270
Среда	- “8-ми Септември”	10400
	- “Страшо Пинџур”	1000
	- “Гоце Делчев”	2000
	- “Илинденска”	1500
	- “Борис Трајковски”	8400
	- “Христо Татарчев”	4000
	- “Никола Карев”	2450
	- “Моша Пијаде”	5400
	- “Методија Андонов Ченто”	1400
